**До:**

**Општина Демир Хисар**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Од:
[redacted], ул. [redacted] бр. [redacted], [redacted], Република Северна Македонија, [redacted], [redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
[redacted], ул. [redacted] бр. [redacted], [redacted]

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1. Во периодот од 2017 до 2019 година, дали Општина Демир Хисар имала отворени повици за доделување на средства за здруженија на граѓани? Доколку да, наведете колку такви повици постоеле и колкави средства биле наменети за истите.

2. Во периодот од 2017 до 2019 година, на колку здруженија на граѓани им имате доделено средства за активности и проекти?

3. Наведете ги имињата на здруженијата, типот на активност за кои имаат добиено средства и буџетот кој им бил одобрен од вашата страна за периодот од 2017 до 2019 година.

4. Наведете ги критериумите според кои се оценувани здруженијата на граѓани. Доколку сте имале различни критериуми за различни повици, ве молиме наведете ги критериумите за сите повици одделно, за периодот од 2017 до 2019 година.

5. Доставете ни професионална биографија на членовите на Комисијата/друго тело кое во периодот од 2017 до 2019 година одлучувало по поднесени апликации на отворен повик за доделување на средства на здруженија на граѓани.

6. Доставете ни го Правилникот за работа на Комисијата за избор/друго тело за избор кое одлучувало за доделување на средства за граѓански организации во периодот од 2017 до 2019 година.

7. Наведете број на членови, како и нивен пол, возраст и степен на образование на членовите на Комисијата која одлучувала по однос на пристигнатите апликации за доделување на средства на граѓански организации за периодот од 2017 до 2019 година.

8. Доставете табеларен приказ за тоа колку средства граѓанските

организации побарале во своите апликации преку јавниот повик на вашата институција, а колку им биле одобрени од вашата страна за периодот од 2017 до 2019 година

9. Дали во периодот од 2017 до 2019 доставувавте писмено/електронско образложение на здруженијата на граѓани на кои им се доделени помалку средства од оние кои ги наведеле во апликационата форма?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго ______________________________
  (се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго ______________________________
  (се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 15.05.2020 година .** ______________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561/Goce Delcev no.18 Skopje, PO.Box.561 тел./phone:+389 2 3127 453;+389 2 3118 038,факс/fax: 3114 695

Web: http://www.komspi.mk/ e-mail: komspi@komspi.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општина Демир Хисар

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
Municipality of Demir Hisar

Бр. 09-474/2
20.05.2020
Демир Хисар

Општина Демир Хисар
"Битолска" бб
7240 Демир Хисар
Demir Hisar Municipality
"Bitolska" bb
7240 Demir Hisar
Тел/tel: 047 552 661
opstinademirhisar@yahoo.com
www.demirhisar.gov.mk

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019), службеното лице за посредување со информации од јавен карактер на Општина Демир Хисар донесува:

## РЕШЕНИЕ

**За позитивен одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер**

**Член 1**

На ден 15.05.2020 година [redacted], со адреса на [redacted], во својство на барател на информација од јавен карактер, до Општина Демир Хисар, во својство на имател на инфомации, достави барање за пристап до информации од јавен карактер.

Барањето е заведено во архивата на Општина Демир Хисар со број 09-474/1 на 15.05.2020 година.

**Член 2**

Поради непостоење на законски пречки, барањето позитивно се одговара и во законски предвиденот рок ќе се достави до барателот на начин и форма кои ги има наведено во барањето.

Составен дел на ова Решение е бараната информација од јавен карактер бр.09-474/3 од 20.05.2020 година.

**Член 3**

Решението стапува во сила со денот на неговото донесување.

Службено лице за посредување со информации
од јавен карактер на Општина Демир Хисар
м-р Игор Дамјаноски

Општина Демир Хисар
Градоначалник
Марјанче Стојановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општина Демир Хисар
---------------------------------------------
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
Municipality of Demir Hisar

Бр. 09-474/3
20.05.2019
Демир Хисар
Општина Демир Хисар
"Битолска" бб
7240 Демир Хисар
Demir Hisar Municipality
"Bitolska" bb
7240 Demir Hisar
Тел/tel: 047 552 661
opstinademirhisar@yahoo.com
www.demirhisar.gov.mk

До
[redacted]

**Предмет:** Доставување на информација од јавен карактер,

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер доставено до Општина Демир Хисар на 15.05.2020 година, заведено во архива на Општина Демир Хисар на 15.05.2020 година под број 09-474/1, службеното лице за посредување со информации од јавен карактер на Општина Демир Хисар донесе Решение за позитивен одговор на Вашето барање и врз основа на тоа, во прилог Ви ги доставуваме бараните информации.

Прилог:
-Решение за позитивен одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер бр.09-474/2 од 20.05.2020 година,
-Одговор на барањето,
-Службен гласник на Општина Демир Хисар бр.1/2016 и
-Службен гласник на Општина Демир Хисар бр.4/2018.

**Изработил,**
м-р Игор Дамјаноски, службено лице за посредување со информации од јавен карактер на Општина Демир Хисар

Општина Демир Хисар
Градоначалник
Марјанче Стојановски

**ОДГОВОР**

**НА БАРАЊЕ ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

1. Во периодот од 2017 до 2019 година, дали Општина Демир Хисар имала отворени повици за доделување на средства за здруженија на граѓани? Доколку да, наведете колку такви повици постоеле и колкави средства биле наменети за истите.

**<u>Одговор:</u>**

| Година | Објавен повик | Број на повици | Средства по повик |
|---|---|---|---|
| 2017 | Не | / | / |
| 2018 | Да | 1 повик (бр.1/2018) | 300.000,00 денари |
| 2019 | Да | 1 повик (бр.1/2019) | 140.000,00 денари |

2. Во периодот од 2017 до 2019 година, на колку здруженија на граѓани им имате доделено средства за активности и проекти?

**<u>Одговор:</u>**

| Година | Број на здруженија на граѓани на кои им се доделени средства за проекти |
|---|---|
| 2017 | / |
| 2018 | 8 |
| 2019 | 5 |

3. Наведете ги имињата на здруженијата, типот на активност за кои имаат добиено средства и буџетот кој им бил одобрен од Вашата страна за периодот од 2017 до 2019 година.

**<u>Одговор:</u>**

Јавен повик бр. 1/2018

| Р.бр. | Подносител | Име на проектот | Одобрено |
|---|---|---|---|
| 1. | ЗГ „ОФ РОАД ДЕМИР ХИСАР" Демир Хисар | ЈЕЕП Турнеја Демир Хисар | 100.000 |
| 2. | Здружение за поддршка на манастирски и селски туризам и рекреативен спорт „ОДИГИТРИЈА" с.Слепче | Културата и традицијата клуч за развој на туризмот во општина Демир Хисар | 30.000 |
| 3. | Планинарско горскоспасителско друштво „АВА КОТА" Новаци | Едуцирани за подобра животна средина и околина | 30.000 |
| 4. | Здружение на дијабетичари „Сончева светлина" Демир Хисар | Превенција, мерење на шеќер и едукација на населението за последиците од зголемен шеќер во организмот | 20.000 |
| 5. | Здружение Библиотека АЛ- БИ с.Бабино | Дизајнирање и изработка на | 30.000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | сувенири во функција на туристичка промоција на Демир Хисар | |
| 6. | ЦПЛИП „ПОРАКА“ Демир Хисар | Изработка на бетонска рампа со метална ограда за пристап до Социјален клуб | 50.000 |
| 7. | Планинарско друштво „БИГЛА 2013“ Демир Хисар | Обележување на планинарска патека | 30.000 |
| 8. | Здружение АРТ ПОИНТ-ГУМНО с.Слоештица | Уредување и обележување на „Вечната куќа на Петре М Андреевски“ | 40.000 |

Јавен повик бр.1/2019

| Ред. бр. | Подносител | Име на проектот | Одобрено |
|---|---|---|---|
| 1 | Здружение за промоција на култура, уметност, материјален и духовен развој Центар за креативни индустрии – Небо, Суводол | Разгледници од Демир Хисар | 30.000 |
| 2 | Здружение - Меѓународен центар за уметност и одржлив развој „Арт Поинт – Гумно“, Слоештица | Доуредување на „Вечната куќа на Петре М. Андреевски“ | 30.000 |
| 3 | Здружение за поддршка на манастирски и селски туризам и рекреативен спорт ОДИГИТРИЈА, с.Слепче | Културата и традицијата клуч за развој на туризмот во Општина Демир Хисар | 30.000 |
| 4 | Здружение за афирмација на културата, екологијата и руралниот туризам ВАЛАВИЦА Демир Хисар | Вировските валавици – предизвик за развој на руралниот туризам | 20.000 |
| 5 | Здружение за афирмација на културата и развој на руралниот туризам “ГРАЃАНСКА АКТИВА ИКАРУС“ Демир Хисар | “Демирхисарски културен бран 2019“ | 30.000 |

4. Наведете ги критериумите според кои се оценувани здруженијата на граѓани. Доколку сте имале различни критериуми за различни повици, Ве молиме наведете ги критериумите за сите повици одделно, за периодот од 2017 до 2019 година.

<u>**Одговор:**</u>

Критериуми за повик бр.1/2019

- Значењето на проектот за Општина Демир Хисар, регионот и Република Македонија;
- Можноста за афирмација на Општина Демир Хисар;
- Временски период за реализација на проектот;
- Висината на обезбедени средства од донатори или други извори;
- Успешно реализирани претходни проекти од областа за која се однесува предложениот проект.

5. Доставете ни професионална биографија на членовите на Комисијата/друго тело кое во периодот од 2017 до 2019 година одлучувало по поднесени апликации на отворен повик за доделување на средства на здруженија на граѓани.

<u>**Одговор:**</u>

Комисијата која е надлежна за оваа област е Комисијата за општествени дејности формирана од Советот на Општина демир Хисар и во неа членуваат 3 (три) члена на Советот и 2 (два) надворешни члена. При составувањето на Комисијата не се бараа професионални биографии на кандидатите, туку истите дојдоа како предлози на советнички групи во Советот на Општина Демир Хисар.

6. Доставете ни го Правилник за работа на Комисијата за избор/друго тело за избор кое одлучувало за доделување на средства за граѓански организации во периодот од 2017 до 2019 година.

<u>**Одговор:**</u>

Правилникот за утврдување на критериуми за распределување на средства на здруженија на граѓани и фондации од Буџетот на Општина Демир Хисар од 2016 година и Правилникот за утврдување на критериуми и постапка за доделување на средства на здруженија на граѓани и фондации од Буџетот на Општина Демир Хисар од 2018 година. Истите се објавени во "Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 1/2016 и 4/2018.

7. Наведете број на членови, како и нивни пол, возраст и степен на образование на членовите на Комисијата која одлучувала по однос на пристигнатите апликации за доделување на средства на граѓански организации за периодот 2017 до 2019 година.

<u>**Одговор:**</u>

Комисијата за општествени дејности формирана од Советот на Општина Демир Хисар се состои од 5 членови, еден член од женски пол и 4 члена од машки пол. Возраста на членовите на комисијата е од 28 – 65 години, а степенот на образование на членовите е ССС до ВСС.
Комисијата даде предлог за поддршка (финансирање) на проекти само по јавниот повик од 2018 година.

8. Доставете табеларен приказ за тоа колку средства граѓанските организации побарале во своите апликации преку јавниот повик на вашата институција, а колку им биле одобрени од вашата страна за периодот од 2017 до 2019 година.

**Одговор:**

Јавен повик бр. 1/2018

| Р.бр. | Подносител | Име на проектот | Вкупен буџет | Баран износ | Одобрено |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ЗГ „ОФ РОАД ДЕМИР ХИСАР" Демир Хисар | ЈЕЕП Турнеја Демир Хисар | 333.000 | 120.000 | 100.000 |
| 2. | Здружение за поддршка на манастирски и селски туризам и рекреативен спорт „ОДИГИТРИЈА" с.Слепче | Културата и традицијата клуч за развој на туризмот во општина Демир Хисар | 50.000 | 30.000 | 30.000 |
| 3. | Планинарско горскоспасителско друштво „АВА КОТА" Новаци | Едуцирани за подобра животна средина и околина | 55.000 | 44.000 | 30.000 |
| 4. | Здружение на дијабетичари „Сончева светлина" Демир Хисар | Превенција, мерење на шеќер и едукација на населението за последиците од зголемен шеќер во организмот | 50.000 | 20.000 | 20.000 |
| 5. | Здружение Библиотека АЛ- БИ с.Бабино | Дизајнирање и изработка на сувенири во функција на туристичка промоција на Демир Хисар | 68.150 | 63.115 | 30.000 |
| 6. | ЦПЛИП „ПОРАКА" Демир Хисар | Изработка на бетонска рампа со метална ограда за пристап до Социјален клуб | 117.490 | 50.000 | 50.000 |
| 7. | Планинарско друштво „БИГЛА 2013" Демир Хисар | Обележување на планинарска патека | 36.000 | 30.000 | 30.000 |
| 8. | Здружение АРТ ПОИНТ-ГУМНО с. Слоештица | Уредување и обележување на „Вечната куќа на Петре М Андреевски" | 67.955 | 57.765 | 40.000 |

Јавен повик бр.1/2019

| Ред. бр. | Подносител | Име на проектот | Вкупен буџет | Баран износ | Одобрено |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Здружение за промоција на култура, уметност, материјален и духовен развој Центар за креативни индустрии – Небо, Суводол | Разгледници од Демир Хисар | 42.000 | 30.000 | 30.000 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2 | Здружение - Меѓународен центар за уметност и одржлив развој „Арт Поинт – Гумно", Слоештица | Доуредување на „Вечната куќа на Петре М. Андреевски" | 51.442 | 30.000 | 0 |
| 3 | Здружение за поддршка на манастирски и селски туризам и рекреативен спорт ОДИГИТРИЈА, с.Слепче | Културата и традицијата клуч за развој на туризмот во Општина Демир Хисар | 50.000 | 30.000 | 30.000 |
| 4 | Здружение за афирмација на културата, екологијата и руралниот туризам ВАЛАВИЦА Демир Хисар | Вировските валавици – предизвик за развој на руралниот туризам | 38.200 | 25.000 | 20.000 |
| 5 | Здружение за афирмација на културата и развој на руралниот туризам "ГРАЃАНСКА АКТИВА ИКАРУС" Демир Хисар | "Демирхисарски културен бран 2019" | 78.400 | 30.000 | 30.000 |

9. Дали во периодот од 2017 до 2019 доставувавте писмено/електронско образложение на здруженијата на граѓани на кои им се доделени помалку средства од оние кои ги навеле во апликационата форма.

<u>Одговор:</u>

Не.

Општина Демир Хисар

Градоначалник

Марјанче Стојановски

Подготвил:

Мише Милошевски